# *ПЕЛАГОНИЈА АД ГОСТИВАР*

## *Одбор на директори*

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**

**за работењето на ПЕЛАГОНИЈА АД Гостивар во 2019 година**

*Гостивар Март 2020*

## СОДРЖИНА


| Опис | Страна |
|---|---|
| 1. Општи информации | 3 |
| 2. Главни фактори и околности коишто влијаеле на определувањето на работењето на друштвото | 4 |
| 2.1. Промени во опкружувањето во чии што рамки друштвото дејствува | 4 |
| 2.2. Одговор на друштвото на промените и нивното влијание | 4 |
| 3. Политика на вложување за одржување и за поддршка на успешноста во работењето на друштвото | 5 |
| 3.1. Политика на дивиденди | 5 |
| 3.2. Управување со ризикот на капиталот | 5 |
| 3.3 Извори на средства на друштвото | 5 |
| 3.4. Политика на односот на долгорочниот долг спрема основната главнина | 5 |
| 4. Големи зделки и зделки со заинтересирана страна | 6 |
| 4.1. Големи зделки | 6 |
| 4.2. Зделки со заинтересирана страна | 6 |
| 5. Средства на друштвото чија што вредност не е одразена во билансот на состојба според меѓународните сметководствени стандарди | 6 |
| 6. Изгледите за идниот развој на друштвото и неговиот деловен потфат | 6 |
| 7. Активности во сферата на истражувањето и развојот | 7 |
| 8. Примања на Членовите на Органите | 7 |
| 9. Посебни податоци | 7 |
| - Биланс на успех - Извештај за добивка и загуба- Извештај за сеопфатна добивка | 8 |
| - Биланс на состојба - Извештај за финансиската состојба | 9 |
| - Извештај за паричните текови | 10 |
| - Извештај за промени на главнината | 11 |
| - Индикатори | 12 |
| 10. Предлог за распределба на добивката | 13 |

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# за работењето на ПЕЛАГОНИЈА АД Гостивар
# во 2019 година

**Порака на Извршниот Директор и Генерален Директор**

Во 2019 година ПЕЛАГОНИЈА АД Гостивар работеше во согласност со своите утврдени стратешки и годишни цели, како и утврдената деловна политика.

ПЕЛАГОНИЈА АД Гостивар во изминатата година својата активност ја остваруваше со извршување на основната дејност и нејзино унапредување за постигнување на подобри економски ефекти во своето работење.

Во најголем дел приходите ги оствари од својата основна дејност и истите се во рамките на претходната година.

Со квалитетно и ефикасно извршување на својата дејност, како и со посебното ангажирање на директорите и сите вработени во Друштвото, истото деловната 2019 година ја заврши успешно и со позитивни финансиски резултати.

Претседателот на Управен одбор цени дека успешно се остварени поставените годишни цели и планираната деловна политика на Друштвото за 2019 година во сите сегменти од своето работење.

*1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ*

***Назив :*** Друштво за градежништво, производство и инженеринг увоз – извоз ПЕЛАГОНИЈА АД Гостивар

***Дејност и вработени:***

Друштво за градежништво, производство и инженеринг увоз – извоз ПЕЛАГОНИЈА АД Гостивар регистрирано според решение на Централен регистар на РМ на 14,02,2006. и е еден од капацитетите во Република Македонија за Изградба на други објекти од нискоградба, неспоменати на друго место според Главна шифра 42,99.

Просечен број на вработени во 2019 година: 77

За Семетководствено финансиските услуги е ангажирано ПАРТНЕР КОМ ДОО Гостивар

***Седиште:***

*Седиштето на друштвото се наоѓа на ул Браќа Ѓиноски ББ Гостивар, Гостивар*

***Матичен број:*** 5156432
***Дејност:*** 42,99 Изградба на други објекти од нискоградба, неспоменати на друго место

***Основачи и одговорност:***

Основач на друштвото согласно решението за регистрација се акционери според акционерска книга.

| | |
|---|---|
| Вкупно издадени акции | 1597 |
| Номинална вредност на една акција во евра | 255.65 |
| Вкупен номинален капитал во евра | 408273 |
| Број на иматели на акции | 21 |

Акционери со над 5% од вкупниот број на акции:

| **Акционери со повеќе од 5% од номиналниот акпита** | **Број на акции** | **%** |
|---|---|---|
| Александар Смилкоски | 1028 | 64.37% |
| Друштво за инженеринг, градежништво и трговија Алекс Александар ДООЕЛ | 275 | 17.22% |

Овластувањето и одговорноста на друштвото во правниот промет со трети лица е неограничено и за обврските одговара со целиот свој имот.

Лице овластено за застапување:

- Генерален директор и Извршен член на Одборот на директори Александар Смилковски.

Неизвршни членови на Одборот на директори се Арсеније Лефкоски- Претседател на Одбор на директори, Валентина Смилкоска, Даниела Смилкоска и Филип Смилкоски.

## 2. Главни фактори и околности коишто влијаеле на определувањето на работењето на друштвото

Во текот на 2019 година Друштвото оствари добивка во износ од 109,823 илјади денари.

Во текот на 2019 година друштвото своето работење го темелеше на редовните дејности од изведување на градежни работи.

### 2.1. Промени во опкружувањето во чии што рамки друштвото дејствува

Во 2019 година опкружувањето во чиишто рамки работи друштвото немаше големи рефлексии на работењето во однос основната дејност. Општата намалена ликвидност во државата имаше влијание на редовната наплата на побарувањата по кредити, а со тоа и на ликвидноста на друштвото.

### 2.2. Одговор на друштвото на промените и нивното влијание

Со превземените мерки за подобрување на економичноста на работењето и соодветните односи со деловните банки друштвото редовно ја одржуваше ликвидноста и репутацијата на друштвото во однос на опкружувањето.

**3. Политика на вложување за одржување и за поддршка на успешноста во работењето на друштвото**

Одржувањето на успешноста на работењето на друштвото, покрај со стабилните договори, како во делот на одобрување на основните така и во делот на другите активности, беше поткрепено и со подршка од страна на основачите на друштвото.

**3.1. Политика на дивиденда**

Друштвото дел од остварената акумулирана добивка ќе ја користи за понатамошно инвестирање и јакнење на позицијата на друштвото.

**3.2. Управување со ризикот на капиталот**

Ризикот од ликвидност , од зголемување на каматните стапки ,како и ризикот од флуктуации на пазарот на капитал, постојано е присутен поради недоволната економска стабилност ,како и поради актуелната политичка нестабилност во нашата држава. Но ние постојано централизирано ја управувавме ликвидноста и краткорочно обезбедувавме подршка од основачите за да во ниеден момент не дојде до ризик од блокирање од страна на доверители. Сите овие активности се во функција на обезбедување на принципот на континуитет преку настојување да се постигне оптимален баланс меѓу долговите и вкупната главнина.

**3.3 Извори на средства на друштвото**

Во 2019 година средства за тековно работење како и за тековно и инвестиционо одржување воглавно се користеа од редовните приходи . При користењето на туѓи извори на средства, од основачите се водеше сметка да долгорочните кредити не ја загрозуваат ликвидноста, како и да не го нарушуваат односот на обврските и вкупните средства како и основната главнина на друштвото.

**3.4. Политика на односот на долгорочниот долг спрема основната главнина**

Раководството ја анализира капиталната структура на месечна основа. Како генерално правило, набавките на нетековни средства се финансираат од долгорочни кредити.

Показателот на задолженост на 31 декември 2019 и 2018 година е како што следи:

| | во илјада денари | |
|---|---|---|
| | Тековна година | Претходна година |
| Обврски по кредити | 6,292 | 8,453 |
| Пари и парични еквиваленти | 110,663 | 142,626 |
| Нето обврски (пари) | -104,371 | -134,173 |
| Вкупен капитал | 494,725 | 392,847 |
| % на задолженост | 0.00% | 0.00% |

## 4. Големи зделки и зделки со заинтересирана страна

### 4.1. Големи зделки

Согласно со Законот за трговски друштва во кој се дефинира поимот - голема зделка ги опфаќа трансакциите кои надминуваат 20% од сметководствената вредност на имотот на друштвото, определена врз основа на последните финансиски извештаи на друштвото.

### 4.2. Зделки со заинтересирана страна

Согласно со Законот за трговски друштва во кој се дефинира поимот - заинтересирана страна со која се опфатени сите трансакции (вклучувајќи без ограничување, заем, кредит, залог или гаранција) во која заинтересирана страна е член на орган на управување, вклучувајќи ги и раководните лица, или акционер на друштвото кој заедно со поврзаните лица поседуваат 20% или повеќе проценти од акциите со право на глас на друштвото или лице кое има овластување да дава упатства на друштвото што се задолжителни, се смета за зделка со заинтересирана страна и се извршува од страна на друштвото во соодветна постапка.

Значи за заинтересирана страна се смета лице, негов застапник, сопружник, родители, деца, браќа и сестри од двајцата родители, родители посвоители, посвоени деца или некое друго лице поврзано со нив кое:
- е страна во таквата зделка, нејзин корисник, застапник или посредник во зделката
- поединечно или заедно поседуваат 20% или повеќе проценти од акциите во правното лице кое е страна во зделката, нејзин корисник, застапник или посредник во зделката
- е член на органот на управување, односно на надзор на правното лице кое е страна во зделката, нејзин корисник или застапник, или е раководно лице во тоа правно лице.

## 5. Средства на друштвото чија што вредност не е одразена во билансот на состојба според меѓународните сметководствени стандарди

На 31.12.2019 година сите средства на Друштвото се признаени во Билансот на состојба на Друштвото согласно со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се применуваат во Република Македонија.

## 6. Изгледите за идниот развој на друштвото и неговиот деловен потфат

Развојот на друштвото според остварувањата и планираните активности , воглавно ќе се одвива во иста насока и со иста динамика како и досега. Давањето на услугите ќе има иста динамика во согласност со договорите и одлуките на органите.

## 7. Активности во сферата на истражувањето и развојот

Друштвото нема издатоци за истражување и развој во нови технологии.

## 8. Примања на Органите

## Надоместок на членовите на Одборот на директори

| Назив | Опис | Износ |
|---|---|---|
| Александар Смилковски | Извршен член на одбор на директори | 3,337 |
| Арсение Левкоски | Претседател на одбор на директори | 400 |
| Плати Арсение Левкоски | | 1,244 |
| Флип Смилковски | Член на одбор на директори | 400 |
| Плати Флип Смилковски | | 537 |
| Валентина Смилкоска | Член на одбор на директори | 400 |
| Даниела Смилкоска | Член на одбор на директори | 400 |

## 9. Посебни податоци

- Биланс на успех - Извештај за добивка и загуба- Извештај за сеопфатна добивка
- Биланс на состојба - Извештај за финансиската состојба
- Извештај за паричните текови
- Извештај за промена на главнината
- Индикатори

## *9.1. ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗА ПЕРИОДОТ*

*за годината што завршува на 31 декември 2019 и 2018 (во 000 денари)*

| Позиција | Износ во 000 денари | |
|---|---|---|
| | Тековна година | Претходна година |
| **I. ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | **503,871** | **434,045** |
| *Приходи од продажба* | 500,612 | 368,495 |
| *Останати приходи* | 3,260 | 65,550 |
| *Промена на вредноста на залихи на готови производи и на недовршено производство* | | |
| *Залихи на готови производи и на недовршено производство на почетокот на годината* | (49,691) | (4,739) |
| *Залихи на готови производи и на недовршено производство на крајот на годината* | 92,985 | 49,691 |
| **II. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | **433,319** | **424,881** |
| *Трошоци од работењето* | *(291,891)* | *(252,288)* |
| *Набавна вредност на продадени стоки* | *(15,833)* | *(45,443)* |
| *Набавна вредност на продадени материјали, резервни делови, ситен инвентар, амбалажа И автогуми* | *(2,174)* | *0* |
| *Услуги со карактер на материјални трошоци* | *(20,406)* | *(18,262)* |
| *Останати оперативни расходи* | *(19,607)* | *(15,732)* |
| *Трошоци од вработените* | *(44,966)* | *(33,828)* |
| *Амортизација на материјалните и нематеријалните средства* | (16,207) | (16,972) |
| *Вредносно усогласување (обезвреднување) на материјалните и нематеријалните средства* | (1,601) | 0 |
| *Вредносно усогласување (обезвреднување) на тековни средства* | (12,229) | (36,153) |
| *Останати трошоци од работењето* | (8,404) | (6,203) |
| **III. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ** | **2,503** | **1,272** |
| **IV. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ** | **(233)** | **(144)** |
| **Добивка пред оданочување** | **116,116** | **55,243** |
| Данок на добивка | (6,293) | (4,500) |
| **ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА** | **109,823** | **50,743** |
| Просечен број на вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период во (апсолутен износ) | 77 | 71 |
| Број на месеци на работење (во апсолутен износ) | 12 | 12 |
| **ЗАРАБОТУВАЧКА ПО АКЦИЈА** | | |
| Вкупна основна заработувачка по акција | 69 | 32 |

## *9.2. ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА НА КРАЈОТ НА ПЕРИОДОТ*
### *на 31 декември 2019 и 2018 (во 000 денари)*

| Позиција | Износ во 000 денари | |
|---|---|---|
| | Тековна година | Претходна година |
| **АКТИВА:<br>А. НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **221,350** | **212,627** |
| **I. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | **319** | **319** |
| **II. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | **221,031** | **212,308** |
| **Б. ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **539,368** | **538,669** |
| **I ЗАЛИХИ** | **119,968** | **57,816** |
| **II. КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА** | **302,587** | **338,226** |
| Побарувања од поврзани друштва | 7,094 | 7,094 |
| Побарувања од купувачи | 280,471 | 323,782 |
| Побарувања за дадени аванси на добавувачи | 11,897 | 0 |
| Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акцизи и за останати давачки кон државата (претплати) | 0 | 4,182 |
| Побарувања од вработените | 1,732 | 2,278 |
| Останати краткорочни побарувања | 1,893 | 890 |
| **III. КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА** | **6,149** | **0** |
| **В. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ** | **110,663** | **142,627** |
| **IV. ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИТЕ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ (АВР)** | 0 | 251 |
| **ВКУПНА АКТИВА: СРЕДСТВА** | **760,718** | **751,546** |
| **ПАСИВА:<br>А. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ** | **494,725** | **392,847** |
| **I. ОСНОВНА ГЛАВНИНА** | 23,389 | 23,389 |
| **II. РЕВАЛОРИЗАЦИСКА РЕЗЕРВА И РАЗЛИКИ ОД ВРЕДНУВАЊЕ НА КОМПОНЕНТИ НА ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА** | 3,704 | 3,704 |
| **III. РЕЗЕРВИ** | **95,010** | **48,802** |
| **IV. АКУМИЛИРАНА ДОБИВКА** | 262,799 | 266,209 |
| **VI. ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА** | 109,823 | 50,743 |
| **Б. ОБВРСКИ** | **265,901** | **264,423** |
| **I. ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ** | **6,292** | **8,453** |
| **II. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ** | **259,609** | **255,971** |
| Обврски спрема добавувачи | 217,208 | 233,812 |
| Обврски за аванси, депозити и кауции | 9,577 | 0 |
| Обврски за даноци и придонеси на плата и на надомести за плата | 2,845 | 2,122 |
| Обврски кон вработените | 6,500 | 3,011 |
| Тековни даночни обврски | 23,972 | 16,749 |
| Останати краткорочни обврски | 7 | 276 |
| **III. ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ НА ИДНИТЕ ПЕРИОДИ (ПВР)** | 91 | 94,276 |
| **ВКУПНА ПАСИВА: ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ** | **760,718** | **751,546** |

## *9.3. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ ЗА ПЕРИОДОТ*
*за годината која завршува на 31.12.2019 и 31.12.2018 (во 000 денари)*

| Позиција | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| **Готовински текови од деловни активности** | **3,546** | **118,110** |
| Нето добивка/загуба после оданочување | 109,823 | 50,743 |
| Амортизација | 16,207 | 16,972 |
| Вредносно усогласување | 536 | 36,153 |
| Разни приходи трошоци книжени непосредно на капиталот | (61) | 125,560 |
| **Промени - Зголемување/намалување на :** | | |
| Залихи | (62,152) | (37,066) |
| Побарувања од поврзани друштва | 0 | (459) |
| Побарувања од купувачи | 43,311 | 35,043 |
| Побарувања за дадени аванси на добавувачи | (11,897) | 391 |
| Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акцизи и за останати давачки кон државата (претплати) | 4,182 | (1,527) |
| Побарувања од вработените | 546 | (1,359) |
| Останати краткорочни побарувања | (503) | 11 |
| Побарувања по дадени заеми на поврзани друштва | 0 | 400 |
| Побарувања по дадени заеми | (6,149) | 302 |
| АВР | 251 | 9,832 |
| Обврски спрема поврзани друштва | 0 | (18) |
| Обврски спрема добавувачи | (16,604) | (3,167) |
| Обврски за аванси, депозити и кауции | 9,577 | (76) |
| Обврски за даноци и придонеси на плата и на надомести за плата | 223 | 2,059 |
| Обврски кон вработените | 3,489 | (2,392) |
| Тековни даночни обврски | 7,229 | 12,958 |
| Краткорочни резервирања за ризици и трошоци | 0 | (9,109) |
| Обврски по заеми и кредити | 0 | (1,303) |
| Останати краткорочни обврски | (276) | 258 |
| ПВР | (94,184) | (116,098) |
| **Готовински текови од инвестициони активности** | **(33,349)** | **(40,294)** |
| Директни набавки на нематеријални и материјални средства | (54,028) | (54,571) |
| Продажба, расход и пренос на материјални и нематеријални средства | 20,679 | 14,277 |
| **Готовински текови од финансиски активности** | **(2,161)** | **(19,547)** |
| Зголемување на капиталот | | |
| Зголемување/намалување на долгорочни кредити | (2,161) | (19,547) |
| **Зголемување/намалување на паричните средства** | **(31,964)** | **58,269** |
| **Парични средства на почеток на годината** | **142,627** | **84,359** |
| **Парични средства на крајот на годината** | **110,663** | **142,627** |

*9.4. Извештај за промена на главнината на 31 декември 2018 (во 000 денари)*

| Позиција | Основна главнина | Задржана добивка/ загуба | Добивка/ загуба за годината | Резерви | Ревалоризирана вредност | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 1 јануари 2019** | **23,389** | **266,209** | 50,743 | **48,802** | **3,704** | **392,847** |
| Корекција на салдо од 2018 по записник | | (7,944) | | | | |
| ***Повторно утврдено салдо*** | ***23,389*** | ***258,265*** | *50,743* | ***48,802*** | ***3,704*** | ***384,903*** |
| **Промени на капиталот за 2019** | | | | | | |
| Издавање /објавување на акционерски капитал | | | | | | |
| Дивиденди | | | | | | |
| Трансфер на резерви | | (46,208) | | 46,208 | | |
| Вкупна сеопфатна добивка за годината | | | 109,823 | | | |
| Трансфер/пренос на задржана добивка | | 50,743 | (50,743) | 0 | | |
| **Состојба на 31 Декември 2019** | **23,389** | **262,799** | **109,823** | **95,010** | **3,704** | **494,725** |
| **Состојба на 1 јануари 2018** | **23,389** | **126,870** | 33,114 | **0** | **3,704** | **187,077** |
| Промена на сметководствени политики | | | | | | |
| ***Повторно утврдено салдо*** | ***23,389*** | ***126,870*** | *33,114* | ***0*** | ***3,704*** | ***187,077*** |
| **Промени на капиталот за 2018** | | | | | | |
| Издавање /објавување на акционерски капитал | | | | | | |
| Дивиденди | | | | | | |
| Корекција на грешки од минати периоди | | 106,225 | | | | |
| Вкупна сеопфатна добивка за годината | | | 50,743 | | | |
| Трансфер/пренос на задржана добивка | | 33,114 | (33,114) | 48,802 | | |
| **Состојба на 31 Декември 2018** | **23,389** | **266,209** | **50,743** | **48,802** | **3,704** | **392,847** |

*Основачи на друштвото согласно решението за регистрација се акционери согласно со акционерска книга со вкупна основна главнина од 408,273,00 евра*

**ИНДИКАТОРИ**

| Ред. Бр. | ОПИС | 0 | -1 | -2 |
|---|---|---|---|---|
| I. | **ПОКАЗАТЕЛИ НА ФИНАНСИСКА СТАБИЛНОСТ** | | | |
| 1 | Финансиска сигурност - учество на капиталот и резервите во вкупната пасива во % | 65.03% | 52.27% | 27.42% |
| 2 | Степен на кредитна способност - однос меѓу капиталот и резервите, долгорочните резервирања и долгорочните обврски во постојаните средства во % | 226.35% | 188.73% | 109.74% |
| 3 | Степен на самофинансирање - однос меѓу капиталот и резервите, долгорочните резервирања и постојаните средства и залихите во % | 144.95% | 145.26% | 86.31% |
| 4 | Степен на покритие на тековни средства во % | 50.68% | 33.46% | -1.87% |
| II. | **ПОКАЗАТЕЛИ НА ФИНАНСИСКА ЛИКВИДНОСТ** | | | |
| 5 | Моментна ликвидност - однос меѓу паричните средства и хартиите од вредност и обврските | 41.62% | 53.94% | 29.62% |
| 6 | Тековна ликвидност - однос меѓу тековните средства намалени за залихите и обврските во % | 157.73% | 181.85% | 159.92% |
| 7 | Општа ликвидност - однос меѓу тековните средства и обврските во % | 202.85% | 203.71% | 167.21% |
| 8 | Денови на врзување на побарувањата ( цел број) однос меѓу производот на вредноста на побарувањата и бројот на денови во годината спрема приходите од основна дејност и други активности | 219 | 284 | 285 |
| 9 | Денови на врзување на залихи( цел број) однос меѓу производот на вредноста на залихите и бројот на денови во годината спрема приходите од основна дејност и други активности | 87 | 49 | 16 |
| 10 | Денови на плаќање на обврските ( цел број) - однос меѓу производот на вредноста на кусорочните обврски и бројот на деновите во годината спрема трошоците од редовно работење | 219 | 220 | 217 |
| III. | **ПОКАЗАТЕЛИ НА ДЕЛОВНА УСПЕШНОСТ** | | | |
| 11 | Добивка од редовно работење и од вонредни активности пред оданочување по работник во денари | 1507.998 | 778.074 | 515.521 |
| 12 | Добивка за финансиската година по работник во денари | 1426.269 | 714.689 | 459.916 |
| 13 | Загуба за финансиската година по работник во денари | | | |
| 14 | Добивка за финансиската година во однос на вкупна актива во % | 14.44% | 6.75% | 4.85% |
| 15 | Добивка за финансиската година и амортизација во однос на вкупна актива во % | 16.57% | 9.01% | 6.34% |
| 16 | Добивка за финансиската година во однос на капитал и резерви во % | 22.20% | 12.92% | 17.70% |
| 17 | Однос меѓу добивка за финансиската година и приходите од редовно и вонредно работење во % | 21.80% | 11.69% | 6.98% |
| 18 | Просечна месечна бруто плата по работник во денари | 45.150 | 35.976 | 38.189 |
| 19 | Просечна месечна нето плата по работник во денари | 32.508 | 25.903 | 27.496 |
| 20 | Просечен број на вработени врзоснова на часови на работа - цел број | 77 | 71 | 72 |

Врз основа на остварените резултати од работењето може да се утврдат и показатели за финансиската успешност мерени преку различни показатели.

*Финансиска стабилност*

Финансиската сигурност како соодност на трајниот капитал и вкупната пасива изнесува 65,03 % (што е за 13% процентни поени повеќе во однос на 2018 година).

*Ликвидност*

Во 2019 година Друштвото беше континуирано ликвидно во своето работење без блокади по било кој основ.

Побарувањата на Друштвото по сите основи се следат постојано и редовно се преземаат мерки и активности за нивна наплата.

Друштвото презема активности и за намирување на достасаните обврски спрема комитентите и добавувачите, при што е воспоставена целосна финансиска рамнотежа меѓу тековните средства од една страна и обврските од друга страна. Заради планирање и исплата на обврските на Друштвото кон сите субјекти, се води дневно, неделно и месечно планирање на истите.

*Економичност*

Економичноста во работењето е резултат на соодносот на вкупниот приход и вкупниот расход за 2018 година, при што коефициентот на ефикасност е 129 % (што е за 15 процентни поени повеќе во однос на 2018 година).

*Рентабилност*

Рентабилноста во работењето, мерена со вкупниот приход во соодное со основните средства по сегашна вредност, во 2019 година изнесува 229 % (што е за 24 процентни поени помалку во однос на 2018 година).

*Профитна стапка*

Профитната стапка, искажана како соднос на нето добивката и трајниот капитал, за 2019 година изнесува 22,20 % (што е за 10 процентни поени повеќе во однос на 2018 година).

Имајќи ги во предвид сите показатели за финансиската успешност за работењето на Друштвото, може да се оцени дека Друштвото покажува успешност во работењето во 2019 година по сите основи.

**10. Предлог за распределба на добивката**

Добивката утврдена со Годишната сметка за 2019 година на ПЕЛАГОНИЈА АД ГОСТИВАР која изнесува 109,822 илјади денари се предлага да се намени за законски резерви, и акумулирана добивка, согласно со Предлог одлуката за распределба на чистата добивка.

Генерален Директор
Александар Смилковски

Гостивар, 19,03,2020